Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој која ќе оди во прилог. Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво ( стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. 95 % од наставниците се согласуваат дека во училиштето редовно се врши дисеминација, додека само 5 % делумно се согласуваат. совет/ поддршка на наставниците на барање на наставниците или врз основ на опсервација во училиштето,

- состаноци на ниво на активи,

- семинари во училиштето,

- организација на отворени часови,

- вонанставни активности, - менторство на наставник приправник,

- поддршка на индивидуално учење (coaching),

- размена на позитивна пракса помеѓу наставници во училиштето и помеѓу наставници од други училишта со посебен акцент на збратимените училишта.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Активностите за личниот професионален развој се состојат од своеволно проширување на компентенциите преку курсеви, литература и сл.

Секој наставник има свое портфолио во кое се наведени активностите за личниот професионален развој Наставниците континуирано се мотивираат и поттикнуваат за учество на семинари и обуки за личен професионален развој и стекнување на искуства кои ги применуваат и споделуваат на ниво на активи. Нивната работа се следи со водење на професионални досиеа и педагошки картони. Наставниците имаат желба стручно да се усовршуваат и да посетуваат семинари и обуки по одредени области.

-води сопствено портфолио/ професионално досие кое е контролирано од стручната служба и инстектори од ДПИ

-посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување , стекнување нови искуства и сертификати

- изработи План за Личен Професионален Развој ( ПЛПР- се изработува и дополнува тековно поради немање на однапред понудена листа од понудувачите на обуки)

20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на искуства во самото училиште или помеѓу училишта. Оваа година ќе се стави акцент на размена на искуства од полето на:

- користење на ИКТ во наставата ( образовни интернет портали)
- размена на позитивни искуства
- примена на техники и други современи методи на работа

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

За покажување на добри резултати на училиштето потребно е сите да учат и да се подобрат, не само учениците туку и вработените. Тоа е еден од условите за да биде училиштето ефективно и да се грижи за кадарот како и за неговиот професионален развој и напредување.

Професионалниот развој ќе опфати учење, подготвеност за промени, решавање на специфични стручни проблеми, промени во однесување и работа, чувство дека личноста е почитувана и ценета на своето работно место.

Со примена во пракса и подготвени да се внесат промени во начинот на работа, во однос на ученици, колеги и родители како и начинот на комуникација во училиштето, тоа води и кон кариерно напредување на воспитно образовниот кадар.

Најдобри резултати за кариерен развој се постигнува ако професионалниот развој се одвива на ниво на училиштето и е базиран на личните податоци. Стручниот актив е јадро на учење на едни од други.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето од година во година забележува голем напредок во полето на соработката со родителите, која не се сведува само на информирање на родителите туку и на нивно поголемо активирање на оганизационо поле, учество во проекти, работилници, хуманитарни акции, донесување одлуки во работата на училиштето (Совет на родители на паралелки, Совет на родители на училиште).

Преку Училишниот одбор родителите имаат можност да влијаат на работата на училиштето во сите области. Целта на соработката со родителите и локалната средина е

истите да се поттикнат за интензивирање на соработката, приближување кон воспитно - образовниот процес кој се води во училиштата;

Приближување на родителите кон работата на наставникот не само како предавач и оценувач туку и како воспитувач;

Поголема меѓусебна поддршка која стреми кон формирање на ученикот како зрела, одговорна личност со високи морални и интелектуални квалитети.

Училиштето иста така остварува соработка со родителите во разновидни активности и одбележување на манифестации: државни празници, јубилеи, Денот на училиштето и празнување на Денот на општината, спортски натпревари, ЕКО активности и сл.

Соработка со родителите се остварува на ниво родител- ППС во облик на советување пропишано со закон. Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интерес.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnaставните активности

Соработката со родителите во врска со процесот на учење, напредокот и постигањата на учениците се реализира преку родителски средби, индивидуални разговори, отворени приемни денови, консултативна соработка.

| Активности | реализатори/ организатори | соработници | временска рамка |
|---|---|---|---|
| Информирање / запознавање на родителите со: - правата и обврските на учениците, родителите и наставниците што произлегуваат од законските одредби на основното образование и воспитание, -наставен план и програма, распоред, - годишната програма на училиштето, - куќниот ред на училиштето. | Психолог, одделенски раководител | Наставници | Септември |
| Вклучување на родителите во: - реализација на одделни сегменти од воспитно образовниот процес, - разрешување на негативни појави во училиштето. | Психолог, одделенски раководител, | Родители | цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Водење грижа за здравјето на учениците* ( заштита од болести преку одржување на лична хигиена, хигиена на облека, хигиена на простории за работа и домување, хигиена на околината; превенција; ментално здравје; спортување; имунизација - според законски пропишан календар за имунизација) - Развивање на еколошка свест | Психолог, одделенски раководител, наставници, Министерство за здравство на РМ | родители ученици Одделение за орално здравјестоматологија Медицински центар и Центар за јавно здравје- (Инфективно одделение и одделение за имунизација) Црвен крст и др. невладини организации, - Центар за Кинезитерапиј а Еко друштва. | цела учебна година |
| Вклучување на родителите во воннаставни активности од воспитно образовен карактер : - одделенска и предметна настава (нагледни активности во рамките на различни наставни предмети), - зачувување на традиционални вредности -Еко работилници | Психолог, наставници, родители, ученици | | цела учебна година |
| Вклучување на родителите во воннаставни активности од културно - уметнички, спортски и хуманитарен | Психолог , наставници, родители, ученици, Здравствен дом | Локална самоуправа, Црвен крст, СВР, Одделение за Итна медицинска помош | цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| карактер | | | |
| Анализа на успехот и поведението на учениците | одделенски раководител | стручни соработници, | Квартално |
| - Групни и индивидуални родителски средби | одделенски раководител | стручни соработници | цела учебна година |

21.3. Едукација на родителите/старателите

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Материјално технички ресурси | Во тек на целата година | Претседатели на активи | директор |
| Податоци на вработени и ученици | Извештаи по класификациони периоди | Стручна служба, секретар | Директор. Наставнички и одделенски совет |
| Материјално финансиско работење | По квартали | Сметководител, директор, училишен одбор | Наставнички совет, Совет на родители, општина |
| Приоритети на училиштето | Според предвидените планови | Според предвидените планови | Директор, општина, наставнички совет, совет на родители, училишен одбор |
| Настава | Во текот на годината | Наставници, стручна служба и тимови | Директор, совети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Воннаставни активности | Во текот на годината | Одговорни наставници на секции и формирани тимов | Директор, стручна служба |
| Ученичко организирање и учество | континуирано | Одговорни наставници | Директор, стручна служба |
| Вонучилишни активности | По предвидените програми | Комисија за екскурзии | Директор |
| Натпревари | Континуирано | Наставници | Директор, стручна служба |
| Унапредување на мултикултурализам | Континуирано | СИТ | Директор |
| Поддршка на учениците | Континуирано | Наставници, стручна служба | Директор |
| Оценување | Континуирано | Наставници | Директор |
| Безбедност во училиштето | Континуирано | Тим од наставници | Директор |
| Грижа за здравјето | Континуирано | Наставници, стручна служба | Директор |
| Училишна клима | | Тимови од наставници, стручна служба, училишен парламен | |
| Професионален развој | Континуирано | Тим за професионален развој | Директор |
| Соработка со родители | Континуирано | Наставници, стручна служба, совет на родители | Директор, стручна служба, совет на родители |
| Комуникација со јавноста и промоција | Во текот на цела година | Одговорни тимови | директор |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени со годишната програма за работа на основното училиште ќе го зема предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. Во овој процес посебно внимание се обрнува на собирањето докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите ќе се соберат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 25. Заклучок

Годишната програма е изработена согласно новите укажувања добиени од МОН и е во согласност со моменталната состојба во училиштето и врз основа на извршената самоевалуација. За изработката на истата е формиран посебен тим. Изработената годишна програма ќе подлежи на промени во зависност од состојбата во иднина и добивање на нови укажувања од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Евентуалните промени и внесување на нови планови, програми, процедури ќе се вршат со анекси на годишната програма.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Изета Бабачиќ – Наставник

Шефике Ковачи - педагог

Рејхан Муртезани – психолог

Љуљзана Ибраими – специјален едукатор

Шќипе Сејдиу - наставник

Фатиме Османи - наставник

Аида Љоки - наставник

Арбнора Амети - наставник

## 27. Користена литература

28. Изработката на годишната програма е заснована врз новиот правилник за изработка на Годишна програма добиен од МОН, во согласност со Законот за основно образование и правилници од МОН и БРО. Како појдовна основа за нејзина изработка се користени анализи на резултатите од реализацијата на Годишната програма од минатата учебна година, развојниот план на училиштето, и самоевалуација.На последната страница има место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училиштниот одбор.

Сарај, 15.08.2023

Директор

Зеко Абази

___________________________

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

-Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови*

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања*

- Програма за реализација на ученички натпревари*

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

ПРИЛОЗИ

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

ПРОГРАМСКО КОНЦЕПЦИСКО ПОДРАЧЈЕ

| | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Годишна програма за работа** | **Стручна служба** | **септември** |
| **2.** | **Годишна програма за раб. на директорот** | **Стручна служба** | **септември** |
| **3.** | **Годишна програма за наставнички совет** | **Наставници Стручна служба** | **септември** |
| **4.** | **Распоред на наставни часови** | **Наставници** | **јуни, јули** |
| **5.** | **Одредување одделенски Раководители** | **Наставници Стручна служба** | **јуни, јули септември** |
| **6.** | **Формирање тимови за стручни активи** | **Наставници Стручна служба** | **септември** |
| **7.** | **Распоредување на одделенски наставници** | **Наставници** | **јуни, јули септември** |
| **8.** | **Водење дневник за работа** | **Наставници** | **континуирано** |
| **9.** | **Соработка со надлежни институции** | **Стручна служба** | **континуирано** |

СЛЕДЕЊЕ НА ЦЕЛОКУПНИОТ ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС ВО УЧИЛИШТЕТО

| | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Увид во наставниот процес** | **Стручна служба** | **континуирано** |
| **2.** | **Следење на однесувањето и мотивираноста на наставниците** | **Наставници Стручна** | **континуирано** |
| **3.** | **Следење на ефектите од наставата кај учениците** | **Ученици наставници** | **континуирано** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | **Учество во координација на наставните програми и организирањето на вон наставни** | **Наставници**<br>**Стручна** | **Септември**<br>**октомври** |
| **5.** | **Активно учество во изборот на учебници за тековната учебна** | **Стручна служба** | **Септември** |
| **6.** | **Соработка со родители,Совет на родители,присуство на** | **Ученици** | **континуирано** |
| **7.** | **Организирање чести средби со наставниците** | **Наставници** | **континуирано** |
| **8.** | **Организирање средби со претставниците на ученичките** | **Ученици** | **Континуирано** |
| **9.** | **Воспоставување систем на вреднување во училиштето** | **Ученици** | **континуирано** |
| **10.** | **Соработка со надлежни** | **Стручна** | **континуирано** |

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ – претседател:

| **Планирана активност** | **ЦЕЛИ** | **Реализатор** | **ВРЕМЕ** | **Извори** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мислење за Предлог програмата за развој на основното училиште за Г.П** | **Усвојување на Годишната Програма** | **Родители**<br>**Директорот**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **август** | **Годишна програма за работа** | **Согледување на забелешките на родителите околу содржините во Годишната програма** |
| **Мислење за Полугодишен извештај** | **Усвојување на Полугодишниот извештај** | **Родители**<br>**Директорот**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **декември** | **Полугодишен извештај** | **Согледување на забелешките на родителите околу содржините во Годишниот извештај** |
| **Подобрување на стандардите во наставата** | **Идеи и предлози околу начинот на водење на наставата согласно претходни** | **Родители**<br>**Директорот**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **Во текот на цела**<br>**Учебна**<br>**година** | **Наставни содржини**<br>**Наставни планови**<br>**Наставни** | **Подобрување на наставата** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | искуства | | | програми<br>Веб страна на БРО<br>Веб страна на МОН<br>Др.Литература | |
| **Предлози и мислења за уредување на ентериерот и на дворната површина во училиштето** | **Идеи и предлози околу начинот на уредување и разубавување на ентериерот и дворот на училиштето** | **Родители<br>Директорот<br>Педагог<br>Психолог** | **Во текот на цела<br>Учебна<br>година** | **Општина Карпош<br>Интернет<br>Стручна Литература** | **Подобрување на климата и условите за работа** |
| **Мислење на Советот околу Организација на екскурзии** | **Квалитетно изведување на<br>Планираните екскурзии** | **Родители<br>Директорот<br>Педагог<br>Психолог** | **Април<br>мај** | **Правилник за изведување екскурзии<br>Програма за екскурзии на ООУ„Дитуриа,, за уч.2023/24** | **Активно учество на Советот на родителите во организирањето и изведувањето на екскурзиите** |
| **Разгледување жалби на родителите во врска со воспитно – образовната работа** | **Надминување на проблемите и несогласувањата во однос на В-О работа во училиштето** | **Родители<br>Директорот<br>Педагог<br>Психолог** | **Во текот на цела<br>Учебна<br>година** | **Извештаи<br>Анкети<br>Сознанија од работата<br>Евидентни листови** | **Надминување на причините за поднесените жалби** |
| **Мислење за годишен извештај за работа на училиштето** | **Усвојување на Полугодишниот извештај** | **Родители<br>Директорот<br>Педагог<br>Психолог** | **Во текот на цела<br>Учебна<br>година** | **Годишен извештај<br>Анализи<br>Статистички<br>пподатоци** | **Согледување на забелешките на родителите околу содржините во Годишниот<br>извештај и план за** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **преземање мерки за нивно надминување** |

| П О Д Р А Ч Ј А | П Р И О Р И Т Е Т И |
|---|---|
| **1. Наставни планови и програми** | **Поорганизирано следење и реализирање на**<br>**Програма образование за вештини на живеење и воннаставните активности**<br>**Интегрирање на Еколошка едукација во наставната програма** |
| **2. Постигања на учениците** | **Унапредување на процесот на оценувањето,**<br>**Следење на постигањата на учениците и**<br>**Информирање преку електронски дневник**<br>**Имплементирање на Сумативно и Формативно оценување**<br>**Организација и спроведување на допонителната и додатната настава** |
| **3. Учење и настава** | **Имплементирање на оценувањето, дополнителната и додатната настава во планирањето на наставниците и примената**<br>**на ИКТ** |
| **4. Подршка на учениците** | **Унапредување на советодавната работа и**<br>**грижата за здравјето** |

| | |
|---|---|
| **5. Етос, училишна клима** | **Создавање училишна клима на соживот и промовирање ненасилство** |
| **6. Ресурси** | **Обезбедување на услови за унапредување на реализацијата на наставата и работата на училиштето** |
| **7. Раководство, креирање на политика** | **Подобрување на ефективноста и иновативноста на вработените со изнаоѓање форми на мотивација** |

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ**

| Планирана активност | Реализатор | ВРЕМЕ | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| Запознавање со законска регулатива,насоките за реализирање на наставата,Утврдување на бројот на часови,распоред на часови,избор на одд.раководители и претседатели на стручни активи и членови во тимови за изведување воннаставни активности | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог | август<br>2023 | Комплетна слика за активностите и работните обврски согласно кои наставниците треба да се раководат во планирањето на наставата |
| Презентација и разгледување на Годишната програма за работа за учебната 2019/20 год. | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог | август<br>2023 | Мислење по предлогот на Годишната програма за работа за учебната 2019/20 |
| Насоки за пополнување на педагошката документација и распоредот за додатна и дополнителна настава како новина | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог | Септември<br>2023 | Квалитетно и навремено пополнување на педагошката документација и распоредот за додатна и дополнителна настава |
| Усвојување на успехот и поведението на крајот од првото тромесечие од учебната 2019/20 година | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог | Ноември<br>2023 | Воочување на слабостите на учениците во однос на успехот и поведението и преземање мерки за нивно надминување |
| Диговор и формитање тимови за подготовка и реализација на хуманитарниот новогодишен хепенинг,,Тоше те сакаме сите,, | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог | Декември<br>2023 | Собирање на што е можно повеќе средства за хумани цели како традиција на училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Усвојување на успехот и поведениeто на учениците во текот на првото полугодиеод учебната 2019/20 година** | **Директор**<br>**Наставници**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **Јануари**<br>**2024** | **Воочување на слабостите на учениците во однос на успехот и поведението и преземање мерки за нивно надминување** |
| **Договорни активности:екскурзии,Ден на училиштето,Ден на екологија,,** | **Директор**<br>**Наставници**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **Март**<br>**2024** | **Унапредување на воннаставни активости** |
| **Усвојување на успехот и поведението на крајот од второто тромесечие од учебната 2018/19година** | **Директор**<br>**Наставници**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **Април**<br>**2024** | **Воочување на слабостите на учениците во однос на успехот и поведението и преземање мерки за нивно надминување** |
| **Усвојување на успехот и поведението на крајот од учебната 2019/20 година,избор на првенец на генерацијата,подготовки за полуматурата на учениците,договор за давање свидетелства** | **Директор**<br>**Наставници**<br>**Педагог**<br>**Психолог** | **Јуни**<br>**2024** | **Воочување на слабостите на учениците во однос на успехот и поведението и преземање мерки за нивно надминување,максимална организираност на наставниците околу сите активности за крајот на учебната година.** |

ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Вовед

Насилството врз децата е еден од најсериозните проблеми кои го загрозуваат нивниот развој, здравјето и

добросостојбата, основните права, достоинството и може да го доведата во прашање детскиот живот. Се случува насекаде, во домот, во училиштата или во другите институции за детска грижа, на улиците. Голем дел од насилството на децата останува скриено. Тие се плашат да го пријават заради стравот и поврзаноста со

насилникот или насилствотот воопшто не го сметаат за нешто погрешно или невообичаено, туку како оправдана и

неопходна казна за своите постапки. Децата жртви на насилство може да се чувствуваат виновни и да веруваат

дека го заслужиле насилството. Низ историјата а и денес во различни култури физичкото казнување биле и е еден од начините на дисциплинирање и воспитување на децата како во семејството така и во училиштето.

Безбедноста на децата во училиштето претставува основна претпоставка за нивното чувство за припадност на заедницата, како и за атмосферата на доверба и соработка.Одговорноста на возрасните за креирање на што е можно подобри услови за безбедно растење и развој на децата се потврдува во Конвенцијара за правата на децата на Обединетеите нации.

Оттука и одговорноста на училишната зедница како целина, да покаже континуирана посветеност и јасна политика и грижа за унапредување на состојбите низ која ќе се градат односите, паралелно со регулативите кон насилното однесување. Појавата на насилничко однесување меѓу учениците во нашите училишта мора да добие приоритет во развивањето на чувствителноста за проблемот меѓу сите членови не само на училишната заедница, туку и пошироко, како проблем кој директно влијае врз детската слика за себе, врз чувството на сигурност, врз прифатеноста и конечно врз ризикот од нездрави избори и однесување.

Досегашните искуства покажуваат дека во училиштата во Македонија проблемот со насилното однесување се игнорира или решението најчесто се бара во ангажиарње на професионални агенции за обезбедување кои го ,,чуваат,, училиштето. Бројот на инциденти и тепачки можеби се намалува на овој начин но сепак тоа е далеку од решавање на проблемот со останатите видови насилно однесување. Во третирањето на проблемот важно е вклучувањето на сите членови од заедницата, а особено на младите, во развојот и поставувањето на механизми за решавање на проблемот со насилството, преку континуирано намалување на неговите димензии, откривање на причините и подобро справување со последиците. Знаењата добиени со истражувањата на состојбите и нивното поврзување во акции осмислени и реализирани од децата заедно со возрасните, можат да се употребат за развивање политика и ефективни интервенции за намалување на проблемот со насилството во училиштата.

Од страната на Обединетите нации вршени се многу истражувања кои се преточени во Струдија за насилството кон децата во светот.

Кај нас истражувањето спроведено во рамките на прокетот Училиште по мерка на детето(димензија Здравје, безбедност и заштита) се однесува на законската рамка, односно политиката и процедурите за здравје, безбедност и заштита во училиштата во Република Македонија.

Бирото за развој на образованието во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ Скопје, и со експерти од невладиниот сектор започнува со реализација на програмата Превенција од насилно однесување во основните училишта, која што ќе ги опфати сите основни училишта во Републиката.

Цели на проектот:

-  Да се воспостави национална политика и препораки за дефинирање на насилството во училиштата;

-  Да се развијат протоколи и процедури за идентификација, третман и препраќање во други институции во

случај на насилство;

-  Да се подржат насравниците, училишните педагози и психолози во сите основно училишта во

организирање на специфични наставни и вонnаставни активности за превенција и справување со

насилството во училиште.

Дефиниција на насилството:

Според Светската здравствена организација насилство е секоја намерна употреба на физичка или

психолошка сила/моќ. Може да биде во форма на закана или пак да вклучува употреба на сила, насочена кон себе си, кон друго лице, или кон некоја група или заедница. Завршува (или може да заврши) со физичка повреда, со

смрт, со психичка штета, со нарушувањз во развојот или со загуба.

Облици на насилство:

-  физичко

-  психичко

-  сексуално

Посебни видови кои се карактеристични за училишен контекст:

 малтретирање

 вандализам

Физичкото насилство е облик на однесување преку кое на други лица им се нанесува физичка болка или

повреда.

Психичко насилствопретставува насилно однесување при кое се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата (заканување, навреди и исмевање, изнудување и принудување, замолчување, изолација...)

Последиците од психичкото насилство можат да бидат многу подолготрајни од оние на физичкото (губење

самодоверба, повлекување во себе, немање желба да одат на училиште, слаби оценки, главоболки, проблеми со варењето и други здравствени нарушувања

Посебен вид психичко насилство е малтретирањето помеѓу учениците-булинг. Жртви на малтретирање се најчесто ученици кои според некоја своја особина насилникот ги доживува како послаби од себе (помалите ученици, ученици со пречки во развојот, ученици припадници на етничките малцинства, повлечените,срамежливите и сл....). Жртвите реагираат на два начина: пасивно – се повлекуваат во себе и плачат, но не се спротивставуваат и реактивно – повремено избувнуваат во агресија, најчесто кон другите помали деца.

Вандализмот е доста честа појава во училиштата. Вандалско однесување – кога злонамерно се

оштетуваат предмети или објекти во туѓа сопственост (кршење прозорци, опрема на тоалетите, клупите, столчињата, пишување по ѕидови, клупи или друг мебел, дупчење гуми на возила, внесување вирус во компјутер...).

ПРЕВЕНЦИЈА НА НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

| Содржини на работа и ативности | Средства, форми и методи | Носители, соработници и одговорни наставници | Време на реализација | Цели | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање тим за подршка на наставниците во реализацијата на програмата Превенција на насилното | -Работни состаноци; -Родителски средби; -Стручни активи, -Квалитативна и квантитативна | Директор, Стручни соработници, Наставници, Родители | септември 2023 година | Подршка на наставниците во реализација на програмата | Услови за создавање и негување политика во училиштето за подршка на наставниците во работата. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| однесување | анализа. | | | | |
| 2. Презентирање на програмата Превенција на насилно однесување во училиштата пред наставниците | Седница на Наставнички Совет | Стручни соработници | септември 2023 година | септември 2023 година | Создавање услови за прифаќање на програмата во училиштето |
| 3. Видови насилства во нашето училиште | Спроведување анкета, Извештаи, записници | Тимот за работа | Октомври-ноември 2023 год. | Утврдување на состојбата со насилното однесување во училиштето | Добивање сознанија за насилното однесување во нашето училиште |
| 4. Што знаеме за насилството? Дали постои насилство во нашето училиште? | Родителска средба | Тимот за работа | Во текот на учебната год | Запознавање на родителите со облиците на насилно однесување во училиштето | Подигање свеста кај родителите дека насилното однесување не е прифатлив начин на однесување |
| 7. Изработка на ѕиден весник на тема Превенција од насилство во училиштето | Изработки од учениците литературни и ликовни работилници | Претседател Стручен актив по мајчин јазик, | Во текот на второто полугодие | Учење за насилство и последиците од насилство преку Ликовно и литературно изразување | Правилен став кон насилството |
| 8. Учество во спортски натпревари | Работни средби, известувања | Тим за работа | Во текот на второто полугодие | Вклучување на др. институции и организации во спречување | Стручна помош од институциите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на насилството во уч. | |
| 9.Соработка со институции и организации кои се занимаваат со проблемот насилство | Работни средби, известувања | Тим за работа | Во текот на второто полугодие | Вклучување на др. институции и организации во спречување на насилството во уч. | Стручна помош од институциите |

**КОНЦЕПЦИЈА ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ* ________________________________**

***Вовед***

Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата , младите и возрасните преку обезбедување пристап, зголемување на нивното учество во учењето ,во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува разумно прилагодување на образовните содржини , соодветни наставни приоди и стратегии , како и организација на воспитно- образовниот процес воопшто , за да се овозможи квалитетно образование за сите. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени , со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани , дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие , без оглед на нивните слабости во некои области , а соодветно на нивните потенцијали , се вклучуваат во редовните оделенија и им обезбедуваат соодветни услови за учење , напредување и учество во животот на училиштето.

Во случаи кога се идентификуваат поголеми потешкотии за учество во воспитно-образовниот систем процес , секое училиште треба да ги идентификува бариерите за учење со кои се соочува ученикот и да понуди соодветни стратегии за нивно надминување .

На овој начин се овозможува , секој ученик да има пристап до натсвата и учењето , како и учество и постигнувања во согласност со неговите потенцијали.

***Визија и водечки принципи***

Визијата за инклузивно образование е да му обезбеди на секое дете , независно од возраста , полот/родот ,расата, етничкото потекло , религијата или верувањето , способностите , социо-економското потекло, можности за квалитетно образование заедно со своите врсници , во рамките на редовниот воспитно-образовниот систем , од најраната возраст и во текот на животот.

***Водечки принципи во инклузивното образование***

-Универзална способност за образование , значи дека сите деца и ученици можат да учат, да се развиваат , да постигнуваат и придонесуваат во заедницата и пошироко во општеството.

-Правичност , или гаранција дека сите деца и ученици имаат пристап до неопходната поддршка , за да го остваараат својот потенцијал за учење и развој.

-Инклузија е право на сите деца и ученици на пристап и учество , ефективно и целосно во заеднички воспитно-образовен контекст.

-Организирање на воспитно-образовниот процес по мерка на ученикот , при што за видот на поддршка се одлучува поединечно за секој ученик согласно неговиот потенцијал , потреби и интереси.

-Флексибилност- флексибилно организирање на наставниот план , наставната програма , училишниот простор и време , за да се овозможи воспитно образовниот процес преку примена на соодветни наставни методи и активности да одговори на специфичностите и стиловите на учење на секој ученик.

-Самоопределување – почитување на личната независност , земајќи ги предвид потребите , интересите и способностите на учениците, културниот и јазичниот идентитет , создавајќи можности за остварување на правото на учество и донесување одлуки.

-Одговорност и автономност на училиштето да дефинира процес во кој се идентификуваат бариери во учењето со кои се соочува ученикот и планирање на најразлични стратегии и мерки за нивно надминување.

-Вклученост на родителите/старателите – имаат право на учество и информирање за сите аспекти од воспитно –образовниот процес на нивното дете.

***<u>Диференцијација ,индивидуален образовен план (ИОП) и модифицирана наставна програма</u>***

За активно и продуктивно учество во училишните и вонналстивните активности некои ученици имаат потреба од поддршка. За таа цел наставникот прави целни интервенции , односно применува диференцриан пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им овозможи на учениците да учествуваат и можност да ги постигнат резултатите од учењето.

Диференцијација е прилагодување на наставата и учењето кон потребите и можностите на учениците. Таа е процес со кој се планираат активностите во врска со учење за да се задоволат потребите на секој ученик поединечно.

Со неа обезбедуваме задачата да е соодветна на индивидуалните потреби на учениците , вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

При диференцијацијата може да се користат различни стратегии , како на пример:

-Секој ученик работи на своја задача со свое темпо;

-Се предава на средно ниво ( исти материјали, прашања, упатства) за сите ученици , но поспособните добиваат посложена задача , а тие што имаат течкотии добиваат дополнителна помош;

-Поделба на паралелката во групи според способности ( секоја група добива различна по сложеност задача , но целите на учење се исти);

-Задачите се подредени по сложеност , така што до најсложените задачи стасуваат само најспособните;

-Се дава иста отворена задача и секој работи со максималниот квалитет што може да го постигне;

-Учениците сами избираат задачи што ќе ги решаваат;

-Сите имаат исти задачи , но во групата учениците си помагаат едни на други;

-Сите добиваат исти работни листови и ги решаваат со сопствено темпо;

-Сите ученици обработуваат одделен аспект на темата , но секој на свој начин.

### ***Индивидуален образовен план***

Некои ученици и покрај диференцијацијата на наставата не можат да се вклучат и да напредуваат во учењето , затоа на овие ученици им се потребни поинтензивни интервенции односно изготвување на индивидуален образовен план (ИОП) од страна на инклузивен тим за ученик( ИТУ) . Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП за ученикот за попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби , во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за функционална проценка , или, пак, од денот на утврдување на потребата на образование по ИОП.

Целта на примената на детето/ученикот во редовните активности во наставата , како и негова прифатеност и независност во групата врсници.

ИОП вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма , воведување специфични активности и наставни методи што ќе овозможат постигнување на резултатите од учењето.

При изработка на ИОП инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници кои се вклучени во воспитно- образовниот процес на ученикот.

### ***Модифицирана наставна програма***

За учениците со комплексни потреби се изработува модифицирана наставна програма. Модифицирана наставна програма се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од ушење базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност , личен развој и социјални односи.

Имено, со модифицираната наставна програма учениците со комплексни потреби треба да стекнат знаења и вештини за: самостојна грижа и обавување на културно хигиенкси навики, основна комуникација , развивање на психомоторните функции , елементарни знаења од одделните воспитно-образовни подрачја , стекнување основните животни или психосоцијални вештини за личен развој, интерперсонални односи , општествени односи , здраво живеење и однос со надворешна средина.

Учениците со комплексни потреби, дел од наставата која се реализира според модифицирана програма , може да ја посетуваат во основното училиште со ресурсен центар или во центар за поддршка на учењето , доколку тоа е во најдобар интерес за овие ученици , а согласно со препораката на стручното тело за проценка.

***Настава , учење и напредување на учениците***

По вклучувањето на ученикот во соодветното одделение , наставникот изработува план за работа со ученикот со надмината возраст , врз основа на прилагодените наставни програми изработени од Бирото за развој на образованието.

Наставникот ги следи посттигањата на ученикот согласно планот и кога смета дека ученикот ги постигнал очекуваните резултати од определено оделение , го известува Наставничкиот совет и на ученикот му се издава потврда за завршено определено одделение. Наставникот потоа изработува / го дополнува планот согласно прилагодените наставни програми за следното одделение и го следи напредувањето и постигањата на ученикот.

Во една учебна година , ученикот со надмината возраст , доколку покажува успех и резултати може да добие потврда за завршени две одделенија по прилагодените натсавни програми . Тој/таа продолжува да ја следи наставата во истата паралелка во која е распределен.

По мислење на наставниот кој го води ученикот и стручните соработници во училиштето , ученикот доколку не постигне минимум резултати може да остане во истото одделение ( доколку не е повозрасен од останатите ученици 2 односно 3 години) за што одлука донесува Наставничкиот совет.

Ученик со надмината возраст не може да биде распределен во третиот период на основното училиште , освен во случај кога има доказ свидителство за завршено шесто одделение , а од одредени причини го напуштил училиштето по завршувањето на шестото одделение.

Сите ученици со ндамината возраст до третиот период ( до седмо одделение) мора да постигнат успех по прилагодените програми , а наставата во последниот период ( од седмо до деветто одделение) да са следат редовно , по наставните програми за основно деветгодишно училиште.

Сите ученици кои ќе наполнат 16 години , а не го завршиле основното училиште , го продолжуваат основното образование по програмата за образование за возрасни.

***Професионален развој на наставниците***

Наставничкиот кадар и неговаа стручна оспособеност е основа за успех во воспитно- образовниот процес. За реализирање на ефективно инклузивно образование потребно е наставниците да се фокусираат на четири клучни вредности кои претставуваат основа на развој на нивните компетенции

-Почитување на различностите кај учениците ;

-Поддршка за сите ученици;

-Тимска работа;

-Континуирано лично стручно усовршување.

За да постои инклузивен и правичен воспитно-образовен систем, приодот на сите наставници кон различностите кои постојат помеѓу учениците треба да биде со позитивен став и со разбирање на инклузивните практитки . Наставниците можат да стекнат знаења за подготовката за таквите инклузивни практики во текот на нивното иницијално универзитетско образование. За таа цел, факултетите кои продуцираар наставнички кадар е потребно со взаемна соработка да направат ревизијата на студиските програми , а во интерес на усогласувањата со новиот Закон за основно образование.Значајно е да се напомене дека при изготвувањето на студиските програми треба да се има предвид нивната интердисциплинарност, што значи дека треба да се интегрираат повеќе области од педагошката наука.

Со вака поставена студиска програма идниот наставник во иницијалното образование ќе се стекне со компетенции за успешно применување на инклузивните практики , како на пример :

-Добро е информиран за сите ученици;

-Знае и ги разбира физичките, емоционалните , социјалните и културните разлики меѓу учениците ;

-Познава начини на давање поддршка на ученици кои се од ранливи општествени групи;

-Познава различни начини на за мотивација;

-Препознава и поттикнува ученици со почитување на нивната индивидуалност;

-Применува различни модели на учење и пристапи во учењето;

-Познава и применува соодветни наставни методи , стратегии и техники на поучување;

-Поседува вештини за поучување;

-Поседува демократичност , почитување , пријателство , соработка , толеранција , адаптибилност и флексибилност при прифаќање на промени;

-Отвореност за нови идеи , приоди и информации.

Професионалниот развој на наставниците , пак, е особено важно заради новите предизвици со кои се соочуват наставниците од редовните училишта и кои мора да одговорат на зголемените и различни потреби на учениците.

Согласно основните компетенции за наставниците, Бирото за развој на образованието во каталогот на акредитирани програми потребно е да посвети особено внимание на програмите за инклузивно образование. Приоритетни обуки за сите наставници треба да бидат програми за јакнење на компетенциите за наставниците за инклузивно образование , како и други програми за зајкнување на знаењата и вештините потребни за работа со ученици со посебни образовни потреби и други категории ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка.

Исто така , постоечката акредитирана студиска програма за педагошко – психолошка и методска доквалификација (ППМ) , потребно е да се ревидира , со вклучување на нови предметни програми од областа на инклузијата.

Јакнењето на овие компетенции и вредности преку студиските програми насочено кон образованието на наставниците, ќе им овозможи на истите да се стекнат со знаења, како и да развиваат вештини со кои ќе можат да одговорат на новите предизвици. Само вака , со системско решение на ниво на целата држава , наставниците ќе бидат подготвени да одговарат на потребите на учениците кои се соочуват со потешкотии во учењето.